ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

ВЕЛЕС

ДО

Градоначалникот на

ОПШТИНА ВЕЛЕС

Република Северна Македонија
Јавна здравствена установа
ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
ВЕЛЕС
09 Бр. 359/1
08.07. 2020 год.
ВЕЛЕС

Предмет:Информација

Почитувани

Ве информираме дека авионската апликација **со средство за аеросолна адултицидна дезинсекција за заштита од возрасни комарци на територијата на општина Велес** е извршена со средството CICERON 2.0 ULV, производ на BioGenesis, Belgrad Srbija и содржи 2.0% активна материја deltametrin, кој спаѓа во групата на пиретроиди. Истото е одобрено од Министерството за здравство на Република Северна Македонија, број на решение 19-110/2 од 07.03.2017 година и измена на решение број 19-188/1 од 17.02.2020 година.

CICERON 2.0 ULV е биоцид наменет за сузбивање на адултните форми комарци во населени места и јавни површини, крајбрежје на реки, езера и бари. Може да се применува од воздух или од земја во количина од 50 мл/ха.

Deltametrin-от спаѓа во групата на синтетските пиретроиди кои се постабилни од природниот пиретроин и имаат подобрено дејство, како што е истерување на инсектите од скривалиштата и побрзо уништување. Избор се поради ниските дози и ниската токсичност за цицачите и човекот. До денеска не е забележано мутагено, канцерогено, ни тератогено дејство на пиретринот и пиретроидите.

Место и датум

08.07.2020

Велес

Одговорно лице

Примариус Д-р Биљана Трајкова

специјалист по епидемиолгија

Изработил:

Ленче Ѓорѓиева

Дипломиран биолог